РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1216

Скопје, 1 јуни 2020 година

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: АНАЛИТИКА НА ЛЕКОВИ И ПРИМЕНЕТА ХЕМИЈА И ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Фармацевтски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ од 3.4.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од применета хемија и фармацевтски инструментални анализи (30616/1) и аналитика на лекови (30609), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-221/6, донесена на 30.4.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Димитровска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје и д-р Руменка Петковска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи, во предвидениот рок се пријави д-р Јелена Ацевска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Јелена Ацевска е родена на 15.VI 1980 година во Куманово. Основното и средното образование ги завршила во Куманово, со континуиран одличен успех. Во учебната 1999/2000 се запишала на студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, кои ги завршила во јуни 2004 година со просечен успех 8,17. Во декември 2004 година го положила стручниот испит за дипломирани фармацевти.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во октомври 2005 год., кандидатката се запишала на постдипломски (магистерски) студии по аналитика на лекови на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,89, а во јули 2011 година успешно ја одбранила магистерската работа на тема: „Развој и проценка на различни хроматографски постапки за определување на алкалоиди од афион“ и се стекнала со научното звање магистер на фармацевтски науки.

Во октомври 2007 год., кандидатката се запишала на специјализација од областа на испитување и контрола на лекови на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во јануари 2011 година успешно го одбранила специјалистичкиот труд со наслов: „Развој и валидација на RP-HPLC метод за определување на алкалоиди од афион“ и се стекнала со стручното звање специјалист по испитување и контрола на лекови.

Во декември 2011 година поднела пријава за докторска дисертација под наслов: „Аналитички и статистички методи за специфично маркирање на фармацевтски супстанции: предизвици и примена при проценка на квалитет на аналитички резултат“, која ја одбранила на 3.4.2015 година, со што се стекнала со звањето доктор на фармацевтски науки.

На 11.9.2015 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.02-489/11, избрана е во звањето доцент по групата предмети: Аналитика на лекови и Применета хемија и фармацевтски анализи, на кое работно место се наоѓа и денес. Последниот реферат за избор во звањето доцент е објавен во Билтен бр. 1103 од 1.7.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Наставно, научни, стручни и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката д-р Јелена Ацевска континуирано и активно е вклучена во изведувањето на практичната и теоретската настава од интегрираните прв и втор циклус на студиската програма Магистер по фармација, прв циклус на студиската програма Дипломиран лабораториски биоинженер, прв циклус на студиската програма Диететика и диетотерапија, како и во изведувањето на наставата на втор и трет циклус студии кои се изведуваат на Фармацевтскиот факултет.

На Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи при Фармацевтскиот факултет, кандидатката е ангажирана во изведувањето на практичната и теоретската настава на предметите: Аналитика на лековите и легислатива, Инструментални фармацевтски анализи, Органска хемија – применета во фармацијата, Евалуација на фармакопејски супстанции, Лабораториски менаџмент, Регистрација на лекови, Лабораториски техники и инструментални методи, Легислатива и лабораториски менаџмент, Органска хе мија – теоретски основи, Лабораториски вежби по органска хемија, Органска хемија за диететичари и Методи за анализа на храна. Исто така, учествува во реализација на теоретската настава на втор циклус студии на студиските програми: Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата, Магистерски студии по диететика и диетотерапија и Специјалистички студии по фармацевтска регулатива. На трет циклус студии кои се изведуваат на Фармацевтскиот факултет, учествува во изведувањето на наставата на предметите: Фармацевтски анализи (напреден курс) и Дизајнирање на хемиски експерименти (напредно ниво).

Д-р Јелена Ацевска била ментор на дипломски и магистерски трудови и учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на повеќе дипломски и специјалистички трудови.

Автор и коавтор е на следниве рецензирани учебни помагала:

- Анета Димитровска, Сузана Трајковиќ Јолевска, Катерина Брезовска, Јелена Ацевска. Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според европската фармакопеја, Богданци: Софија (2014) ISBN 978-9989-736-95-7. Високошколски учебници - Хемиски супстанции - Фармакопеја, европска (COBISS.MK-ID 95925770).
- Катерина Брезовска, Јелена Ацевска, Наталија Наков, Зоран Кавраковски, Анета Димитровска. Инструментални фармацевтски анализи – практична настава, УКИМ - Фармацевтски факултет, Скопје, 2015 (рецензија во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1110 од 2.11.2015);
- Катерина Брезовска, Јелена Ацевска, Наталија Наков, Зоран Кавраковски, Анета Димитровска. Лабораториски техники и инструментални методи – практична настава, УКИМ - Фармацевтски факултет, Скопје, 2015 (рецензија во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1110 од 2.11.2015);

- Катерина Брезовска, Јелена Ацевска, Сузана Трајковиќ Јолевска, Анета Димитровска. Аналитика на лекови и легислатива – практична настава, УКИМ - Фармацевтски факултет , Скопје, 2016 (рецензија во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1118 од 1.3.2016);

***Научноистражувачка дејност***

Како резултат на нејзината досегашна научна работа, како автор и коавтор, д-р Јелена Ацевска има објавено повеќе научни и стручни трудови, во земјата и во странство.

Научноистражувачката дејност на кандидатката е насочена кон примена на современ пристап во развој и оптимизација на аналитички методи, како и примена на современи техники за структурна карактеризација на супстанции за фармацевтска употреба и анализа на специфичните хемиски обележја во насока на откривање на потеклото и автентичноста на активните супстанции и готови фармацевтски производи.

Во периодот по нејзиниот избор во звањето доцент, д-р Јелена Ацевска била учесник во проектите: „Регулатива за медицински помагала во ЕУ и Република Македонија“, „Повреда на правото на индустриска сопственост преку фалсификување на фармацевтски производи: анализа на меѓународната и националната регулаторна рамка“ и „Градење на национална стратегија за борба против фалсификувањето на лекови“. Доц. д-р Јелена Ацевска била раководител на проектот „Примена на хемометрија за решавање на комплексни аналитички предизвици во современи фармацевтски анализи“.

Кандидатката учествувала на бројни домашни и меѓународни научни собири, а исто така била член на Организацискиот одбор на 6. Конгрес на фармација со меѓународно учество во Охрид, во 2016 година.

Рецензент е во повеќе научни/стручни меѓународни списанија, како што се: Journal of Chromatography A, Journal of Separation Science, Journal of Medicinal Plant Research, Medicinal Chemistry, Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, International Journal of Analytical Chemistry и др.

***Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес***

Д-р Јелена Ацевска активно е вклучена во научноистражувачката работа на Институтот за применета хемија и фармацевтски анализи, како и во работата на Центарот за испитување и контрола на лекови, при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Член е на тимот за имплементирање на стандардот за општите барања за лаборатории за тестирање и лаборатории за калибрација ISO/IEC 17025, по кој е извршена акредитација на Центарот за испитување и контрола на лекови, од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија. Јелена Ацевска активно учествува во Работната група за испитување на активни супстанции за фармацевтска употреба и Советодавната група за работата за Генералната мрежа на овластени лаборатории под покровителство на Европскиот директорат за квалитет на лекови, Стразбур, Франција (AdvGEON, EDQM), како и во работните групи за подготовка на водичите за управување со квалитет, организирани од страна на Европската мрежа на официјални лаборатории за контрола на лекови (OMCL).

Член е и на експертската работна група 11 од Европска фармакопеја.

Во рамките на активностите на Факултетот, д-р Јелена Ацевска била член на Комисијата за јавни набавки и Центарот за кариера.

Кандидатката е член на Комисијата за проценка на фармацевтската, хемиската и биолошката документација за лековите, како и член на Комисијата за добрата производна практика, со решение на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Македонија.

Кандидатката била предавач на ТАИЕХ-работилница за имплементирање на ЕУ-легислатива за фалсификувани лекови, како и на неколку симпозиуми организирани од Центарот за континуирана едукација на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Д-р Јелена Ацевска е член на: Фармацевтската комора на Македонија, Здружението на фармацевти на Р Македонија, Работната група за испитување на активни супстанции во рамки на мрежата на овластени лаборатории за контрола на лекови (OMCL Working Group for API testing) при Европскиот директорат за квалитет на лекови (European Directorate for Quality of Medicines, EDQM), Работната група за воспоставување на пристап базиран на проценка на ризик при избор на лекови и активни супстанции што ќе бидат предмет на редовна контрола (Drafting Group for Risk-based Approach to product testing), воспоставена од мрежата на националните агенции за лекови (Head of the Medicine Agencies, HMA), како и на Работна група за хемометрија во рамки на Дивизијата на аналитичка хемија на Европската асоцијација на хемиските друштва (Chemometrics working group within the Division of Analytical Chemistry (DAC) of the EuCheMS (European Association of Chemical Societies)).

***Оценка од самоевалуација***

Кандидатката д-р Јелена Ацевска, во периодот од 2015 до 2020 година, добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Јелена Ацевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Јелена Ацевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски инструментални анализи.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет, доц. д-р Јелена Ацевска да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област аналитика на лекови и наставно-научната област применета хемија и фармацевтски анализи.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, с.р.**
**Проф. д-р Руменка Петковска, с.р.**

**АНЕКС 1**

# ОБРАЗЕЦ 1
# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Јелена Благој Ацевска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Фармацевтски факултет, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи; фармација; медицински науки и здравство**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * <br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,17<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,89 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи.<br>Назив на научното поле: фармација.<br>Назив на научно подрачје: медицински науки и здравство. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Pharmaceutical and Biomedical Analysis<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, Journal Citation Report<br>3. Наслов на трудот: Fingerprinting of morphine using chromatographic purity profiling and multivariate data analysis<br>4. Година на објава: 2015 | да |
| 3.1.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Thermal Analysis and Calorimetry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Web of Science, Scopus, Journal Citation Report, SCImago<br>3. Наслов на трудот: Characterization and origin differentiation of morphine derivatives by DSC/TG and FTIR analysis using pattern recognition techniques<br>4. Година на објава: 2016 | |
| 3.1.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Chromatographic Science<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Optimization of HS-GC–FID–MS Method for Residual Solvent Profiling in Active Pharmaceutical Ingredients Using DoE<br>4. Година на објава: 2016 | да |
| 3.1.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Turkish Journal of Chemistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Impurity profiling of morphine by liquid chromatography - heated electrospray ionization mass spectrometry (LC-HESI-MS)<br>4. Година на објава: 2017 | да |
| 3.1.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: International Journal of Analytical Chemistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Comprehensive Assessment of Degradation Behavior of Simvastatin by UHPLC/MS Method, Employing Experimental Design Methodology<br>4. Година на објава: 2018 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: The Neuropathology Of Drug Addictions And Substance Misuse School of Medicine<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Велика Британија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Elsevier Inc., 2016, Kings College London Stamford Street, London SE1 9NU, UK | да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, Билтен бр. 1103 од 1.7.2015 година. | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Анета Димитровска, с.р**
**Проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, с.р.**
**Проф. д-р Руменка Петковска, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Јелена Благој Ацевска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Фармацевтски факултет, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: аналитика на лекови и применета хемија и фармацевтски анализи; фармација; медицински науки и здравство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | **207,1** |
| **1.1** | **Одржување на теоретска настава – предавања** | 64,7 |
| | **Магистер по фармација - прв и втор циклус интегрирани студии** | 37,2 |
| | 1. Аналитика на лекови и легислатива (7 ЕКТС)<br>45* 0,04 (2015/16-2019/20) | 9 |
| | 2. Инструментални фармацевтски анализи (7 ЕКТС)<br>45* 0,04 (2015/16-2019/20) | 9 |
| | 3. Основи на органска хемија, применета хемија (7 ЕКТС)<br>60 * 0,04 (2015/16-2017/18)<br>75 * 0,04 (2018/19-2019/20) | 13,2 |
| | 4. Регистрација на лекови (изборна настава) (5 ЕКТС)<br>30* 0,04 (2015/16-2019/20) | 6 |
| | **Дипломиран лабораториски биоинженер - прв циклус студии** | 27.8 |
| | 1. Лабораториски техники и инструментални методи 1 (7 ЕКТС)<br>30 * 0,04 (2015/16-2017/18)<br>15 * 0,04 (2018/19-2019/20) | 4,8 |
| | 2. Лабораториски техники и инструментални методи 2 (7 ЕКТС)<br>30 * 0,04 (2015/16-2019/20) | 6 |
| | 3. Органска хемија – теоретски основи (4 ЕКТС)<br>60 * 0,04 (2015/16-2019/20) | 12 |
| | 1. Легислатива и лабораториски менаџмент (ЕКТС 4)<br>15 часа годишно*0,04 (2015/16-2019/20) | 3 |
| | 2. Физичко-хемиски методи и функционални тестови во контрола на лекови - напредно ниво (изборна настава) (ЕКТС 3)<br>10 часа годишно*0,04 (2015/16-2019/20) | 2 |
| | **Диететика и диетотерапија - прв циклус на студии** | |
| | 1. Органска хемија за диететичари (ЕКТС 5)<br>30 часа годишно*0,04 (2018/19-2019/20) | 2,4 |
| **1.2** | **Одржување на практична настава – вежби** | 86,7 |
| | **Магистер по фармација - прв и втор интегриран циклус на студии** | 71,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Аналитика на лекови и легистатива (ЕКТС 7)<br>140 часа годишно*0,03 (2015/16-2017/18)<br>175 часа годишно*0,03 (2018/19-2019/20) | 23,1 |
| | 2. Инструментални фармацевтски анализи (ЕКТС 7)<br>140 часа годишно*0,03 (2015/16-2017/18)<br>125 часа годишно*0,03 (2018/19-2019/20) | 20,1 |
| | 3. Евалуација на фармакопејски супстанции (ЕКТС 2)<br>50 часа годишно*0,03 (2015/16-2019/20) | 7,5 |
| | 4. Органска хемија – применета во фармацијата (ЕКТС 7)<br>100 часа годишно*0,03 (2015/2016)<br>150 часа годишно*0,03 (2016/17-2019/20) | 21 |
| | **Дипломиран лабораториски биоинженер - прв циклус студии** | 15 |
| | 1. Лабораториски техники и инструментални методи 1 (ЕКТС 7)<br>15 часа годишно*0,03 (2015/2016)<br>70 часа годишно*0,03 (2016/17-2017/18)<br>40 часа годишно*0,03 (2018/19-2019/20) | 7,5 |
| | 2. Лабораториски техники и инструментални методи 2 (ЕКТС 7)<br>15 часа годишно*0,03 (2015/2016)<br>70 часа годишно*0,03 (2016/17-2017/18)<br>40 часа годишно*0,03 (2018/19-2019/20) | 7,5 |
| **1.3** | **Одржување на настава – втор циклус студии** | 53 |
| | **Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармација** | 30 |
| | 1. Управување со квалитет на испитувањето во аналитичка лабораторија (ЕКТС 8)<br>30 часа годишно*0,05 (2015-2020) | 7,5 |
| | 2. Развој и валидација на аналитички методи (ЕКТС 5)<br>30 * 0,05 (2015 - 2020) | 7,5 |
| | 3. Анализа на фармацевтски супстанции и производи (ЕКТС 5)<br>30 * 0,05 (2015 - 2020) | 7,5 |
| | 4. Примена на современи техники за анализа: LC (ЕКТС 5)<br>30 * 0,05 (2015 - 2020) | 7,5 |
| | **Магистерски студии по диететика и диетотерапија** | 3 |
| | 1. Фалсификување на храна и додатоци на храна (ЕКТС 4)<br>30 часа годишно*0,05 (2018/19-2019/20) | 3 |
| | **Специјалистички студии по фармацевтска регулатива** | 20 |
| | 1. Фармацевтска легислатива (ЕКТС 10)<br>50 часа годишно*0,05 (2015/16-2019/20) | 12,5 |
| | 2. Генерички и иноваторни лекови (ЕКТС 5)<br>30 часа годишно*0,05 (2015/16-2019/20) | 7,5 |
| **1.4** | **Одржување на настава – трет циклус студии** | / |
| **2.** | **Подготовка на нов предмет** | **2,0** |
| | 1. Фармацевтски анализи (напреден курс) – трет циклус студии | 0,5 |
| | 2. Дизајнирање на хемиски експерименти (напредно ниво) – трет циклус | 0,5 |
| | 3. Управување со квалитет на испитувањето во аналитичка лабораторија – втор циклус | 0,5 |
| | 4. Анализа на фармацевтски супстанции и производи – втор циклус | 0,5 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | **2,2** |
| | 1. Студиска програма: Магистер по фармација, 2015/2020<br>(650 студенти *0,002) | 1,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Студиска програма: Лабораториски биоинженер, 2015/2020 (400 студенти *0,002) | 0,8 |
| | 3. Студиска програма: Диететика и диетотерапија, 2018/2020 (50 студенти *0,002) | 0,1 |
| **4.** | **Ментор на дипломска работа** Вкупно 6 студенти *0,2 (2015/16-2019/20) | **1,2** |
| **5.** | **Ментор на специјалистичка работа** Вкупно 1 студенти *1,0 (2015/16-2019/20) | **1,0** |
| **6.** | **Ментор на магистерска работа** Вкупно 2 студенти *0,2 (2019/20) | **0,4** |
| **7.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа** 7 кандидати * 0,2 (2015/16-2019/20) | **1,4** |
| **8.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** 15 кандидати * 0,1 (2015/16-2019/20) | **1,5** |
| **9.** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | **9** |
| | Коавтор<br>1. Катерина Брезовска, Јелена Ацевска, Сузана Трајковиќ Јолевска, Анета Димитровска. Аналитика на лекови и легислатива – практична настава, УКИМ - Фармацевтски факултет , Скопје, 2016 (рецензија во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1118 од 1.3.2016).<br>2. Катерина Брезовска, Јелена Ацевска, Наталија Наков, Зоран Кавраковски, Анета Димитровска. Инструментални фармацевтски анализи – практична настава, УКИМ - Фармацевтски факултет, Скопје, 2015 (рецензија во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1110 од 2.11.2015).<br>3. Катерина Брезовска, Јелена Ацевска, Наталија Наков, Зоран Кавраковски, Анета Димитровска. Лабораториски техники и инструментални методи – практична настава, УКИМ - Фармацевтски факултет, Скопје, 2015 (рецензија во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1110 од 2.11.2015). | 3<br>3<br>3 |
| **10.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **3** |
| | 1. Аналитика на лекови<br>2. Инструментални фармацевтски анализи<br>3. Евалуација на фармакопејски супстанции | 1<br>1<br>1 |
| | **Вкупно** | **228,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во национални научни проекти** | **12** |
| | „Современи перспективи на одгледување и искористување на македонскиот афион“ (2010-2019), финансиран од АЛКАЛОИД АД, Скопје, Р Македонија. | 3 |
| | „Повреда на правото на индустриска сопственост преку фалсификување на фармацевтски производи: анализа на меѓународната и националната регулаторна рамка“ (2015-2016) | 3 |
| | „Регулатива за медицински помагала во ЕУ и Република Македонија“ (2015-2017) | 3 |
| | „Градење на национална стратегија за борба против фалсификувањето на лекови“ (2016-2018) | 3 |
| **2.** | **Раководител на национален научен проект** | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | „Примена на хемометрија за решавање на комплексни аналитички предизвици во современи фармацевтски анализи“ (2017-2018), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. | 6 |
| **3.** | **Монографија објавена во странство** | **9,6** |
| | J. Acevska, G. Stefkov, A. Dimitrovska. „Study on chromatographic behavior of opium poppy alkaloids: chemometric approach for development, optimization and validation of different chromatographic methods“ (2015) Monograph by LAP Lambert Academic Publishing.<br>ISBN-13: 978-3-659-78065-3; ISBN-10:3659780650 | 9,6 |
| **4.** | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД** | **8,0** |
| | - автор<br>1. Assay for opium alkaloids. In: The Neuropathology Of Drug Addictions And Substance Misuse School of Medicine, Elsevier Inc., 2016, Kings College London Stamford Street, London SE1 9NU, UK | 8,0 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт - фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет** | **52,9** |
| | 1. Jelena Acevska, Gjoshe Stefkov, Ivana Cvetkovikj, Rumenka Petkovska, Svetlana Kulevanova, JungHwan Cho, Aneta Dimitrovska. *Fingerprinting of morphine using chromatographic purity profiling and multivariate data analysis*. **Journal of Pharmaceutical and Biomedical Analysis (2015) 109: 18–27** Impact factor: 3.169 (60%) | 6,7 |
| | 2. A. Poceva Panovska, J. Acevska, G. Stefkov, K. Brezovska, R. Petkovska, A. Dimitrovska. *Optimization of HS-GC–FID–MS Method for Residual Solvent Profiling in Active Pharmaceutical Ingredients Using DoE*. **Journal of Chromatographic Science** (2016) 54 (2): 103–111 Impact factor: 1.32 (60%) | 5,6 |
| | 3. I. Cvetkovikj, G. Stefkov, J. Acevska, M. Karapandzova, A. Dimitrovska, S. Kulevanova. *Headspace screening: a novel approach for fast quality assessment of the essential oil from culinary sage*. **Food Chemistry** (2016) 202:133–140 Impact factor: 4.529 (60%) | 7,5 |
| | 4. G. Petrusevski, J. Acevska, G. Stefkov, A. Poceva Panovska, I. Micovski, R. Petkovska, A. Dimitrovska, S. Ugarkovic. *Characterization and origin differentiation of morphine derivatives by DSC/TG and FTIR analysis using pattern recognition techniques*. **Journal of Thermal Analysis and Calorimetry** (2016) 123 (3): 2561-2571. Impact factor: 1.953 (60%) | 6,0 |
| | 5. N. Nakov, L. Bogdanovska, J. Acevska, J. Tonic-Ribarska, R. Petkovska, A. Dimitrovska, L. Kasabova, D. Svinarov, *High-Throughput HPLC-MS/MS Method for Quantification of Ibuprofen Enantiomers in Human Plasma: Focus on Investigation of Metabolite Interference*, **Journal of Chromatographic Science** (2016) 54 (10): 1820–1826 Impact factor: 1.32 (60%) | 5,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. A. Petkovska, J. Acevska, M. Chachorovska, Gj. Petrusevski, Gj. Stefkov, R. Petkovska, A. Dimitrovska, S. Ugarkovic, *Impurity profiling of morphine by liquid chromatography - heated electrospray ionization mass spectrometry (LC-HESI-MS)* **Turkish Journal of Chemistry** (2017) Vol.41, 904 – 916 Impact factor: 1,292 (60%) | 5,6 |
| | 7. M. Hadzieva Gigovska, A. Petkovska, J. Acevska, N. Nakov, P. Antovska, S. Ugarkovic, A. Dimitrovska *Comprehensive Assessment of Degradation Behavior of Simvastatin by UHPLC/MS Method, Employing Experimental Design Methodology*, **International Journal of Analytical Chemistry** (2018), Article ID 7170539, 17 pages, 2018 Impact factor: 1,479 (60%) | 5,7 |
| | 8. M. Hadzieva Gigovska, A. Petkovska, J. Acevska, N. Nakov, B. Manchevska, P. Antovska, S. Ugarkovic, A. Dimitrovska. *Optimization of a forced degradation study of atorvastatin employing an experimental design approach* **MJCCE** 2018, 37 (2): 111-125 Impact factor: 0.652 (60%) | 5,2 |
| | 9. N. Nakov, K. Brezovska, V. Karchev, J. Acevska, A. Dimitrovska. *Chromatographic and Surfactant Based Potentiometric Determination of Aqueous Dissociation Constant of Mupirocin*, **Current Analytical Chemistry** (2018) vol. 14, 1-8 Impact factor: 0.274 (60%) | 5,0 |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет** | **18,0** |
